Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 30 декември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 12:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2022 година

2. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2022 година

3. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година

4. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година

5. Предлог-одлука за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2023 година

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Информација за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот јануари 2023 - декември 2024 година за потребите на населението на Република Северна Македонија

9. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на владини патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2022 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2022 година.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 6**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

**1.** Владата заклучи:

-Се задолжува Министерството за финансии за јавните претпријатија основани од државата и трговските друштва во државна сопственост, да издаде согласности за вработување на определено работно време, за привремени вработувања и за договор на дело само за ист број на вработени од претходно издадената согласност за 2022 година, а до разгледување/усвојување на годишните финансиски планови и програми за работа за 2023 година од Владата.

**2.** Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите на водозафатниот објект извор „Студенчица“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерство за животна средина и просторно планирање да се усогласи со Секретаријат за законодавство по текстот на Предлог-одлуката.

**3.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучокот од точка 60 од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 октомври 2022 година, по Информацијата за определување институција-координатор, одговорна за координација на изработката и следење на имплементацијата на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2025 година и заклучи истиот да се измени и да гласи:

- Се задолжува Министерството за финансии да ги преземе потребните активности за координирање на изработка на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2025 година и заклучно со 31 март 2023 година да подготви и достави до Владата на Република Северна Македонија Стратегија за формализирање на неформалната економија 2023-2025 година, со акциски план.

**4.** Владата заклучи Министерството за финансии да го сподели работниот текст на Законот за данок на солидарност со Секретаријатот за законодавство, стопанските комори и сите релевантни институции, со цел да се произнесат по него и потоа истиот да влезе во владина постапка согласно законските процедури.

**<u>Точка 8</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот јануари 2023-декември 2024 година за потребите на населението на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:40 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |